На 17 февруари 2015 година, во Скопје, МЦМС ја организираше еднодневната обука „**По врзаноста на организираниот криминал и корупцијата**
“. Обуката им беше наменета на претставниците на јавната администрација кои меѓу другото, се одговорни за легислативите за анти-корупција и организиран криминал во рамки на државните институции. Предавачи беа Руслан Стефанов и Тодор Јаламов од
Центарот за изучување на демократијата
(ЦИД) од Бугарија.



За време на обуката, учесниците имаа можност да слушнат повеќе за **искуствата и механизмите за следење на корупцијата и организираниот криминал**
во Бугарија и регионот, како и да развијат дискусија за
**применливоста на таквите механизми во Македонија**
. На обуката беа презентирани искуства поврзани со корупцијата и анти-корупцијата во Бугарија и Југоисточна Европа, како и оценка на анти-корупцијата и организираниот криминал во Европа. Покрај бројките од истражувањата на оваа тема беа презентирани и европските искуства во врска со следењето на корупцијата и организираниот криминал и зголемувањето на ефикасноста во преземањето на соодветни мерки и инструменти во земјата.

Претставниците на државната администрација зборуваа за **работата на државните институции во сузбивање на корупцијата и организираниот криминал**
. Се зборуваше и за потребата од подетално разбирање на корупцијата како услов за ефикасна борба против неа и организираниот криминал, како и за потребата од дополнителни обуки за државните институции за подигање на свеста за детектирање на различни облици на корупција и организиран криминал.

Обучувачите им посочија на претставниците **корисни извори на информации** кои можат да се користат во нивната секојдневна работа, меѓу кои и последниот

Извештај за проценка на корупцијата во Македонија
, како и
Регионалниот извештај за антикорупција
: проценка на корупцијата и антикорупцијата во Југоисточна Европа. Учесниците посебно се интересираа за алатките за откривање на корупцијата и техниките кои се користеле во Бугарија и нивната применливост во Македонија. Меѓу најинтересните теми за нив беше и постапката за истрага на имотната состојба и имотните листови на државните функционери, како и компаративната анализа на законските решенија за сузбивање на корупција во државите од регионот.

Обуката е дел од проектот „ Борба против корупција и организиран криминал-Ад АКТА “ што го спроведува МЦМС во соработка со ЦИД од Бугарија. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија.